# ГЛАСИЛО
# GAZETË

Јули-Септември / Korrik-Shtator 2022



## ЗЕЛС

ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## BNJVL

BASHKËSIA E NJËSIVE TË VETËQEVERISJES LOKALE TË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT



Почитувани,

Дефинитивно е прифатена една од предлог-мерките за справување на општините со енергетската криза, што ЗЕЛС ги достави до Владата на РСМ уште на почетокот на оваа година. Училиштата, за потрошената електрична енергија, ќе плаќаат цена што е утврдена по тарифата за домаќинствата, а не како досега, по индустриска тарифа. Заложбите на ЗЕЛС се и во иднина, по завршувањето на енергетската криза и вонредната состојба, училиштата да продолжат да ја користат оваа тарифа, односно повеќе да не се третираат како профитни организации, состојба за која ЗЕЛС десетина години, во континуитет ѝ укажува на централната власт. Сепак, оваа одлука донекаде е задоцнета за да се смета како сериозна поддршка на единиците на локалната самоуправа. Општините веќе една година се соочуваат со огромни сметки за електрична енергија за училиштата, за другите објекти, за уличното осветлување, а тука се и јавните претпријатија, чии основачи се општините.

Во таа насока, Управниот одбор на ЗЕЛС, освен предлог-мерките за поддршка на општините, навремено доставени до Владата, спроведе и низа активности и разговори со претставници од релевантните институции за утврдување на соодветни начини за ублажување на предизвиците од енергетската криза. Оттука, позитивна разрешница добива и иницијативата на ЗЕЛС – општините да формираат претпријатија за производство на обновливи извори на енергија, со што во голем процент би ги компензирале трошоците за потрошената електрична енергија од сопствено производство. За таа цел беа реализирани средби со претставници од Централниот регистар на РСМ, од Регулаторната комисија за енергетика и водни ресурси на РСМ и од Министерството за економија.

Поради изоставањето на категоријата „јавно осветлување“ во тарифниот систем за утврдување на висината на цените на електричната енергија, што на 30 јуни 2022 година го донесе Регулаторната комисија за енергетика, ЕВН достави допис до ЗЕЛС, Владата и до другите институции со кој информираше дека поради непостоење на методологија за утврдување на висината на комуналната такса во согласност со новите цени, наплатата ќе ја врши по последно утврдената цена за улично осветлување. Со тоа беше создаден уште еден, дополнителен „удар“ за општините кон создавање на енормни долгови за електрична енергија поради што ЗЕЛС организираше низа средба со сите релевантни фактори, како и со Министерството за финансии. Се очекува и ова прашање наскоро да добие позитивна законска разрешница.

За овие и за другите активности на ЗЕЛС за изминатиот период ќе прочитате на страниците на новиот број на Гласило на ЗЕЛС.

Со почит,

Душица Перишиќ,
извршен директор на ЗЕЛС

Të nderuar,

Definitivisht u pranua njëra ndër propozim-masat për menaxhimin e komunave me krizën energjetike, që BNJVL e dërgoi në Qeverinë e RMV që në fillim të vitit. Shkollat, për energjinë elektrike të konsumuar, do të paguajnë çmimin që është përcaktuar me tarifën për amvisëritë, e jo si deri më tani në bazë të tarifës industriale. Përpjekjet e BNJVL-së janë që edhe në të ardhmen, pas përfundimit të krizës energjetike dhe gjendjen e jashtëzakonshme, shkollat të vazhdojnë t'a shfrytëzojnë këtë tarifë, respektivisht të mos trajtohen si organizata fitimprurëse, gjendja për të cilën BNJVL dhjetë vite, në vazhdimësi i referon pushtetit qendror. Megjithatë, ky vendim deri diku është vonuar që të mund të konsiderohet si përkrahje serioze për njësitë e vetëqeverisjes lokale. Komunat tashmë një vit ballafaqohen me fatura tejet të mëdha për energji elektrike për shkollat, për objektet tjera, për ndriçimin rrugor, ndërsa këtu përfshihen edhe ndërmarrjet publike, themelues të cilëve janë komunat.

Në këtë drejtim, Bordi drejtues i BNJVL-së, përveç propozim-masave për përkrahjen e komunave, të parashtruara në kohë në Qeveri, realizoi edhe një varg aktivitetesh dhe negociatash me përfaqësuesit e institucioneve relevante për përcaktimin e mënyrave adekuate për zbutjen e sfidave nga kriza energjetike. Që këtu, zgjidhja pozitive merr edhe iniciativa e BNJVL-së – që komunat të formojnë ndërmarrje për prodhimin e burimeve përtëritëse të energjisë, me ç'rast në përqindje të madhe do të kompensohen shpenzimet për energji elektrike të konsumuar nga prodhimet personale. Për këtë qëllim u realizuan takimet me përfaqësuesit e Regjistrit qendror të RMV, nga Komisioni rregullativ për energjetikë dhe shërbime të ujit të RMV dhe nga Ministria për ekonomi.

Për shkak të anashkalimit të kategorisë „ndriçim publik" në sistemin e tarifës për përcaktimin e lartësisë së çmimit të energjisë elektrike, që në 30 qershor, 2022, miratoi Komisioni rregullativ për energjetikë, EVN dërgoi shkresë në BNJVL, në Qeveri dhe institucionet tjera me të cilën informoi se për shkak të mosekzistimit të metodologjisë për përcaktimin e lartësisë së taksës komunale konform taksës me çmimet e reja, arkëtimin do t'a kryejë në bazë të çmimit të përfundimisht të përcaktuar për ndriçim rrugor. Me këtë u krijua një „sulm" shtesë për komunat drejt krijimit të borxheve të larta për energji elektrike për ç'arsye BNJVL organizoi një varg takimesh me të gjithë faktorët relevantë, si dhe me Ministritë për financa. Pritet edhe kjo çështje së shpejti të gjejë zgjidhje ligjore pozitive.

Për këto dhe aktivitete tjera të BNJVL-së të realizuara në periudhën e kaluar, do të lexoni në faqet e numrit të ri të Gazetës së BNJVL-së.

Me respekt,

Dushica Perishiq,
drejtor ekzekutiv i BNJVL-së

---


**ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
тел. +389 (0) 2 30 99 033, факс: +389 (0) 2 30 61 994
ул. Копенхагенска бр. 5, п.фах 32,
1000 Скопје, Република Северна Македонија
**Извршен директор на ЗЕЛС:**
Душица Перишиќ
**Заменик извршен директор на ЗЕЛС:**
Ардита Дема-Мехмети
**Подготвила:**
Весна Арсовска-Динковска
**Превод:** Арта Абази
**Лекторирал:** Валентина Величкова
**Дизајн и подготовка и печатење:** Европа 92

**BASHKËSIA E NJËSIVE TË VETËQEVERISJES LOKALE TË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**
tel. +389 (0) 2 30 99 033, faks: +389 (0)2 30 61 994
rr. „ Kopenhagenska" nr. 5, F.P. 32,
1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
**Drejtor ekzekutiv i BNJVL-së:**
Dushica Perishiq
**Zëvendes drejtor ekzekutiv i BNJVL-së:**
Ardita Dema - Mehmeti
**Përgatiti:**
Vesna Arsovska - Dinkovska
**Përkthim:** Arta Abazi
**Lektoron:** Valentina Velikova
**Dizajnim dhe përgatitje shtyp:** Evropa 92

## РАЗВОЈОТ НА ДЕЦЕНТРАЛИЗАЦИЈАТА ДА БИДЕ ЕДЕН ОД МАРКЕРИТЕ ВО ПРЕГОВОРИТЕ СО ЕВРОПСКАТА УНИЈА – ПРЕДЛОЖЕНО НА 19. РАБОТНА СРЕДБА НА ЗКК

Заедничкиот консултативен комитет меѓу Република Северна Македонија и Комитетот на региони на Европската Унија (ЗКК), на 6 јули 2022 година, го одржа деветнаесеттиот работен состанок. Средбата беше организирана во Брисел, во Комитетот на региони, и на неа присуствуваа Висар Ганиу, потпретседател на ЗЕЛС и градоначалник на Општина Чаир и Ацо Ристов, градоначалник на Општина Радовиш, како и градоначалници од земјите членки на Европската Унија, сите делегати во ова тело. На овие состаноци, стандардно, првата тема се однесува на активностите и состојбите околу пристапниот процес на нашата земја кон европското семејство, а втората тема беше посветена на младите и претприемништвото. Настанот се одржа во рамките на „Ден на проширување", организиран на 6 и 7 јули 2022 година, што традиционално се одржува во организација на Комитетот на региони на Европската Унија.

**Вистинска децентрализација може да има само доколку е поддржана со соодветна фискална децентрализација**

Градоначалникот на Општина Радовиш говореше за состојбите на локалната власт во нашата земја, посочувајќи дека за вистинска децентрализација може да се говори само доколку таа е придружена со соодветна фискална децентрализација, што не е случај во нашата земја. Тој наведе дека само 7 % од јавната потрошувачка во нашата земја се случува на локално ниво, а од 125 илјади јавна администрација во земјата, само 5 000 припаѓаат на општините, на кои граѓаните секојдневно и директно им се обраќаат за решавање на нивните проблеми и за обезбедување на квалитетни услуги.

– „Имаме нефункционалност во системот, а проблем е што сега имаме и многу лоша комуникација меѓу централната и локалната власт. Преку ЗЕЛС до централната власт со години се предлагаат решенија, но таа не сака да се откаже од привилегиите што ги има, особено во делот на префрлање финансиски средства и обезбедување на поголема финансиска стабилност на локалната власт" – посочи Ристов пред делегатите. Во таа насока, тој нагласи дека на единиците на локалната власт во нашата земја им



## ZHVILLIMI I DECENTRALIZIMIT TË JETË NJË NGA SHËNUESIT NË NEGOCIATAT ME BASHKIMIN EVROPIAN - U PROPOZUA NË TAKIMIN E 19-të PUNUES TË KPK-së

Komiteti i përbashkët konsultativ midis Republikës së Maqedonisë së Veriut dhe Komiteti i rajoneve të Bashkimit Evropian (KPK) më 6 korrik, 2022, mbajtën mbledhjen punuese të nëntëmbëdhjetë me radhë. Takimi u organizua në Bruksel, në Komitetin e rajoneve dhe në të morrën pjesë nënkryetari i BNJVL-së, Visar Ganiu dhe kryetar i komunës së Çairit dhe kryetari i komunës së Radovishit, Aco Ristov, si dhe kryetarët e vendeve anëtare të Bashkimit Evropian, të gjithë delegatë të këtij trupi. Në këto mbledhje tema e parë standarde ka të bëjë me aktivitetet dhe gjendjet rreth procesit aderues të vendit tonë ndaj familjes evropiane, ndërsa tema e dytë i'u përkushtua të rinjve dhe sipërmarrësisë. Kjo ngjarje u zhvillua në kuadër të „Ditës së zgjerimit" të organizuar më 6 dhe 7 korrik, 2022, që tradicionalisht realizohet në organizim të Komitetit të rajoneve, në kuadër të Bashkimit Evropian.

**Decentralizim të vërtetë mund të ketë vetëm përderisa përkrahet me decentralizim fiskal adekuat**

Kryetari i komunës së Radovishit foli për gjendjet e pushtetit lokal në vendin tonë duke theksuar se për decentralizim të vërtetë mund të bisedohet vetëm përderisa kjo është e bashkëngjitur me decentralizim fiskal adekuat, që nuk është rast në vendin tonë. Ai theksoi se vetëm 7% nga konsumi publik në vendin tonë zhvillohet në nivel lokal, ndërsa nga 125 mijë administratë lokale në vendin tonë, vetëm 5.000 i takojnë komunave, në të cilat qytetarët çdo ditë dhe drejtpërdrejtë drejtohen për zgjidhjen e problemeve të tyre dhe për sigurimin e shërbimeve cilësore - „Kemi sistem jofunksional, ndërsa problemi është se tashmë kemi edhe komunikim shumë të keq midis pushtetit qendror dhe lokal. Përmes BNJVL-së me vite propozohen zgjidhje para pushtetit qendror, por e njëjta nuk dëshiron të heq dorë as nga një pjesë e transferimit të mjeteve financiare dhe sigurimin e stabilitetit më të madh financiar në pushtetin lokal", tha Ristov në mbledhje, para delegatëve. Në këtë drejtim kryetari i komunës së Radovishit përmendi se njësive të pushtetit lokal në vendin tonë u nevojitet ndihmë







е потребна помош за формално-правна реорганизација; ѝ предложи на Европската комисија, во процесот на преговорите за пристапување на нашата земја во европското семејство, еден од маркерите да биде посветен токму на развојот на децентрализацијата во земјата, со цел да се има поголема прегледност за тоа што всушност е постигнато на ова поле, а за она што не е постигнато, да се даде образложение за причините.

– „Без децентрализацијата да се движи и развива паралелно со другите процеси, ние нема да можеме да влеземе во јадрото за да го придвижиме натамошниот развој; а во општините се генерира и профитот и развојот. Само на тој начин ќе можеме да им помогнеме и на младите тие да отворат сопствен бизнис, а не како што се случува сега, масовен егзодус на млади квалитетни кадри кои заминуваат, дури и со цели семејства, во европските земји, па и подалеку. Се обидуваат неколку пати со сопствен бизнис, остануваат без поддршка од локалната власт, која е немоќна, се обесхрабруваат и заминуваат. А со мала помош, може да се развијат добри проекти, кои ќе овозможат заживување и на локалната економија. Затоа, со надминување на системските предизвици и со финансиска помош од Европската Унија, можеме да ги имплементираме европските стандарди во единиците на локалната самоуправа, да им помогнеме на младите дури и да ги вратиме назад" – рече Ристов. Тој посочи дека неговата општина искористила 6-7 милиони евра од европските средства за прочистителна станица, а во тек е реализација на проект за зелена енергија во висина од еден милион евра. Беше нагласено дека енергетската криза и другите последици од војната во Украина се дополнителни фактори кои катастрофално влијаат на и онака тешката финансиска состојба на општините и на населението во нашата земја. Општините се доведени во колапс, дел се очекува да бидат блокирани многу скоро, а од друга страна, немаат можност за задолжување бидејќи и тоа се прави само со одобрување на централната власт, нема поволни кредити или фондови за поддршка. Централната власт не презема никакви акции во однос на предлог-решенијата што ѝ ги нуди ЗЕЛС.

### За развивање на претприемништвото, на младите од нашата земја им е потребна и соодветна финансиска поддршка

За потребата од поддршка на младите говореше и потпретседателот на ЗЕЛС Висар Ганиу, кој посочи дека младите се иднината, а претприемништвото овозможува амбициозниот, образован и стручен млад човек да напредува

për riorganizim juridik dhe i propozoi Komisionit Evropian që në procesin e negociatave për aderim të vendit tonë në familjen evropiane, një ndër markerët t'i dedikohet zhvillimit të decentralizimit në vend, me qëllim të kenë kontrolle më të madh në atë se çla në të vërtetë është arritur në këtë fushë, çka nuk është arritur dhe të kenë përgjigje për ç'arsye nuk është arritur.

„Decentralizimi pa pasur lëvizje dhe pa u zhvilluar paralelisht me proceset tjera ne nuk mund të hyjmë në të familje të madhe evropiane që të mund t'a hapërojmë më shpejtë zhvillimin e mëtejmë. Ndërsa në komuna gjenerohet edhe përfitimi dhe zhvillimi. Vetëm kështu do të mund të ndihmojmë të rinjtë të hapin bizneset e tyre, dhe jo siç po ndodh tani, një eksodi masiv i kuadrove të reja cilësorë që largohen qoftë edhe me familje të tëra drejt vendeve europiane por edhe më largë. Ata tentojnë disa herë me biznesin e tyre, mbeten pa mbështetje nga pushteti vendor i cili është i pafuqishëm, dekurajohen dhe largohen. Dhe me pak ndihmë mund të zhvillohen projekte të mira, të cilat do të mundësojnë ringjalljen e ekonomisë lokale. Prandaj, duke i tejkaluar sfidat sistematike dhe me ndihmën financiare të Bashkimit Evropian, ne mund t'i zbatojmë standardet evropiane në njësitë e vetëqeverisjes lokale, t'i ndihmojmë të rinjtë, madje t'i kthejmë ato", tha Ristov. Ai theksoi se komuna e tij ka përdorur 6-7 milionë euro nga fondet evropiane për një impiant trajtimi dhe është duke u realizuar projekti i energjisë së gjelbër në vlerë prej një milion eurosh. U theksua se kriza energjetike dhe pasojat tjera nga lufta në Ukrainë janë faktorët plotësues të cilët në mënyrë katastrofale ndikojnë në gjendjen tashmë të vështirë financiare të komunave dhe të popullsisë në vendin tonë. Komunat janë sjellë në kolaps, disa pritet të bllokohen shumë shpejt dhe nga ana tjetër nuk kanë mundësi të marrin borxh sepse kjo bëhet vetëm me miratimin e pushtetit qendror, nuk ka kredi të favorshme apo fondeve mbështetëse. Qeveria qendrore nuk ndërmerr asnjë veprim sipas zgjidhjeve të propozuara të ofruara nga BNJVL

### Për zhvillim të sipërmarrësisë të të rinjve nga vendi jonë nevojitet edhe përkrahja adekuate financiare

Lidhur me nevojën për përkrahjen e të rinjëve, foli edhe nënkryetari i BNJVL-së, Visar Ganiu, i cili përmendi se të rinjtë janë ardhmëria, ndërsa sipërmarrësia mundëson ambicie, arsim dhe individit të ri profesionist mundëson

во професијата што ја одбрал. Првите чекори во нашата земја се прават со развој на стратешки документи со кои се промовира претприемништвото, интегрирање на областа претприемништво во образованиот процес и науката, соработки на образовните институции со бизнис-заедницата преку отворање на дуални паралелки, согласно со потребите за стручен кадар во компаниите, а понатаму и вработување, но и учење на нови вештини и стручно усовршување. Но, недостасува поголема финансиска поддршка за младите кои имаат стекнато образование и вештини од страна на државата“ – рече Ганиу. Тој како позитивен пример ги посочи активностите што Општина Чаир, заедно со здруженијата на граѓани и со меѓународните институции ги спроведува во насока на јакнење на капацитетите на младите за претприемачки вештини; изработка на стратешки документи за младите; основање на тела за учество на младите во работата на општината; нивно вклучување во волонтерски активности; промовирање и поддршка на младински активизам, но и алокација на средства во буџетот за поддршка на талентирани ученици и студенти.

На крајот на состанокот, потпретседателот на ЗЕЛС, Висар Ганиу, изрази благодарност до Комитетот на регионите, што преку ова заедничко тело единиците на локалната самоуправа од нашата земја можат да ги изнесат своите предизвици, но и да научат за многу добри примери на работење на општините и регионите во Европската Унија кои може да се имплементираат во земјата. Исто така, изрази благодарност и за поддршката за можноста за отпочнување на преговорите за членување во европското семејство. На средбата говореа и градоначалници од други општини, како и претставникот на Европската комисија Алберто Камарата, кој го изнесе ставот на Комисијата за подготвеноста на нашата земја, без одложување, да почне со преговорите, каде што првиот чекор е скринингот на европското законодавство, а 80 % од законите, всушност, се имплементираат на локално ниво.

të përparojë në profesionin që e ka zgjedhur. Hapat e para, në vendin tonë bëhen në zhvillimin e dokumenteve strategjike me të cilat promovohet sipërmarrësia, integrimi i lëmisë së sipërmarrësisë në procesin arsimor dhe shkencë, bashkëpunimi i institucioneve arsimore me bashkësinë e biznesit përmes hapjes së paraleleve duale konform nevojave të kuadrit profesional në kompanitë, ndërsa mëtej edhe punësimi, por edhe të mësuarit e aftësive të reja dhe përkryerja profesionale. Por mungon përkrahja më e madhe financiare e të rinjve të cilët kanë marrë arsim dhe aftësi nga ana e shtetit” theksoi Ganiu. Ai si shembull pozitiv përmendi aktivitetet e komunës së Çairit, së bashku me shoqatat civile dhe institucionet ndërkombëtare i zbaton në drejtim të përforcimit të kapaciteteve të të rinjëve për aftësi sipërmarrëse, përpilimin e dokumenteve strategjike për të rinjtë, themelimin e trupave për pjesëmarrje participative të të rinjve në punën e komunës, përfshirjen e të rinjve si vullnetarë, promovimi dhe përkrahja e aktivizmit të të rinjve, por edhe alokimi i mjeteve nga buxheti për përkrahjen e nxënësve të talentuar, studentëve etj.

Në fund të mbledhjes, nënkryetari i BNJVL-së, Visar Ganiu i’u falënderua Komitetit të Rajoneve, ku përmes këtij trupi të përbashkët njësitë e vetëqeverisjes lokale nga vendi jonë mund t’i paraqesin sfidat e tyre, por edhe të mësojnë për shumë shembuj të mirë të punës së komunave dhe rajoneve në Bashkimin Evropian, që mund të implementohen në vend, si dhe për përkrahjen për mundësinë për fillimin e negociatave për anëtarësim në familjen evropiane, në takim folën edhe kryetarët e komunave tjera si dhe përfaqësuesi e Komisionit Evropian, Alberto Kamarata, i cili përmendi qëndrimin e Komisionit për gatishmërinë e vendit tonë, pa anulim, të fillojë me negociatat ku hap i parë është skriningu u legjislativës evropiane, prej 80% nga ligjet implementohen në nivel lokal.

## ЦЕНАТА ЗА НАПЛАТА НА УЛИЧНОТО ОСВЕТЛУВАЊЕ – ГЛАВНА ТЕМА НА ОСМАТА СЕДНИЦА НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЗЕЛС

Управниот одбор на ЗЕЛС, на 12 јули 2022 година, во административната зграда на ЗЕЛС, ја одржа осмата седница на која се дискутираше за: предизвиците околу цената за наплата на комуналната такса за улично осветлување; непочитувањето на законските обврски, од страна на централната власт, за обезбедување на соодветно финансирање на противпожарните единици; предизвиците на општините околу изнаоѓањето можности за користење на обновливи извори за производство на електрична енергија за сопствени потреби.

Присутните најпрво дискутираа за писмото што ЕВН го испрати до Владата на РСМ, до Министерството за финансии и до Министерството за економија, потоа до Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги и до ЗЕЛС, во кое известува дека до усогласување на законските и подзаконските акти кои ја уредуваат наплатата на комуналната такса за улично осветлување, наплатата ќе

## ÇMIMI I ARKËTIMIT TË NDRIÇIMIT RRUGOR – TEMË KRYESORE E SEANCËS SË TETË TË BORDIT DREJTUES TË BNJVL-SË

Bordi drejtues i BNJVL-së më 12 korrik, 2022, në ndërtesën administrative të BNJVL-së mbajti seancën e tetë në të cilën u diskutua mbi sfidat e çmimit të arkëtimit të taksës komunale për ndriçim rrugor; për mosrespektimin e obligimeve ligjore; për mosrespektimin e obligimeve ligjore nga ana e pushtetit qendror për sigurimin e financimit adekuat të njësive zjarrfikëse, ndërsa pikë e rendit të ditës ishte edhe diskutimi mbi sfidat e komunave rreth gjetjes së mundësive për shfrytëzimin e burimeve përtëritëse për prodhimin e energjisë elektrike për nevojat personale.

Të pranishmit paraprakisht diskutuan lidhur me letrën që EVN e dërgoi në Qeverinë e RMV, në ministrinë për financa dhe në ministrinë për ekonomi, pastaj në Komisionit Rregullativ për Energjetikë dhe shërbime të ujit dhe në BNJVL në të cilën informon se deri në harmonizimin e akteve ligjore dhe ndërligjore të cilat rregullojnë arkëtimin e taksave komunale për ndriçim rrugor, arkëtimi do të




продолжи да ја врши по цените што биле во сила пред поскапувањето на електричната енергија, односно што важеле до 30 јуни 2022 година. Како причина се наведува дека во соодветните тарифни системи и последните одлуки за цените на електричната енергија, што ги донела Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги, не е пропишана категоријата на потрошувачка „јавно осветлување", ниту е утврдена цената за јавното осветлување, како што било утврдено со претходните прописи и одлуки. Присутните посочија дека ваквиот став на ЕВН е неприфатлив за општините, па затоа на седницата беа повикани и претставници од Министерството за финансии. Тие се изјаснија дека Министерството во овој случај ја има улогата на посредувач во однос на утврдувањето на регулативата, а дека општините треба да предложат што е најсоодветно за нив, бидејќи станува збор за комунална такса која е наменета за општините. По дискусијата, присутните донесоа заклучок во кој се предлага од 1 јули, 2022 година комуналната такса за улично осветлување да се пресметува по просечната (средна) цена од ниската и од високата тарифа за KW/h струја за мали потрошувачи, плус трошоци за мрежната тарифа (ЛВ.1.1) донесени од Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги. Стручната служба на ЗЕЛС овој заклучок на Управниот одбор веднаш го достави до Владата на РСМ и до соодветните институции.

**Иницијатива за изнаоѓање законска можност општините да формираат претпријатија за производство на електрична енергија од обновливи извори на енергија – како еден од начините за справување со енергетската криза**

Досега, на поголем број седници на Управниот одбор на ЗЕЛС се дискутираше и се инициараа повеќе предлози за справување на општините со енергетската криза, меѓу кои беше и иницијативата општините да имаат законска можност да формираат претпријатија кои би можеле да вршат дејност – производство на електрична енергија од обновливи извори на енергија. Поголем дел од општините веќе презеле интензивни активности во оваа насока, при што беше изнесено дека биле соочени со одбивање од Централниот регистар на Република Македонија. Присутните посочија опции преку јавно-приватното партнерство, но и преку Законот за јавни претпријатија, кога општината формира акционерско друштво за дејност која е во јавен интерес. Беше изнесено дека на општините што имаат долгови не им се

vazhdojë t'a kryejë në bazë të çmimeve që kanë qenë fuqi para shtrenjtimit të energjisë elektrike, respektivisht kanë qenë valide deri më 30 qershor 2022. Si arsye ceket se në sistemet adekuate tarifore dhe vendimet e fundit për çmimin e energjisë elektrike që i ka miratuar Komisioni rregullativ për energjetikë dhe shërbime të ujit nuk është shënuar kategoria e konsumit „ndriçimi publik", e as nuk është përcaktuar çmimi i ndriçimit rrugor, siç do të përcaktohej me dispozitat dhe vendimet paraprake. Të pranishmit përmendën se qëndrimi i këtillë i EVN-së është i papranueshëm për komunat, prandaj në këtë drejtim në seancë u ftuan edhe përfaqësuesit e Ministrisë për financa. Ata deklaruan se ministria në këtë rast ka rolin e ndërmjetësuesit në raport me përcaktimin e rregullativës, ndërsa se komunat duhet të propozojnë atë që është më e përshtatshme me to, pasi që bëhet fjalë për taksën komunale e cila është dedikuar për komunat. Pas diskutimit të pranishmit konkluduan për atë ku propozohet që nga 1 korriku, 2022, taksa komunale për ndriçimet rrugore të kalkulohet mbi çmimin mesatar nga çmimi i ulët dhe i lartë për KW/h rrymë për konsumatorët e vegjël, plus shpenzimet për tarifën rrjetore të miratuara nga ana e Komisionit rregullator për energjetikë dhe shërbime ujore. Shërbimi profesional i BNJVL-së këtë konkluzion të Bordit drejtues menjëherë e parashtroi në Qeverinë e RMV dhe të institucioneve adekuate.

**Iniciativa për gjetjen e mundësisë ligjore që komunat të formojnë ndërmarrje për prodhimin e energjisë elektrike nga burimet përtëritëse të energjisë – si një ndër mënyrat e menaxhimit të krizës energjetike**

Deri më tani, në një numër të madh të seancave të Bordit drejtues të BNJVL-së, janë diskutuar dhe iniciuar disa propozime për komunat që të ballafaqohen me krizën energjetike, ndër të cilat ishte iniciativa që komunat të kenë mundësi ligjore për formimin e ndërmarrjeve që do të mund ta kryejnë këtë veprimtari - të prodhimit të energjisë elektrike nga burimet e rinovueshme të energjisë. Shumica e komunave tashmë kanë ndërmarrë aktivitete intensive në këtë drejtim, ndërsa u tha se janë përballur me refuzim nga Regjistri Qendror i Republikës së Maqedonisë. Të pranishmit treguan opsionet përmes partneritetit publiko-privat, por edhe përmes Ligjit për ndërmarrjet publike, kur komuna formon shoqëri aksionare për një aktivitet që është në interes publik. Është thënë se komunat që



дозволува да формираат акционерски друштва. Членовите на Управниот одбор нагласија дека ова е од огромна важност за општините во услови на енергетска криза, но и генерално, за намалување на трошоците за греење на училиштата и другите јавни објекти во нивна надлежност, како и за трошоците за уличното осветлување, бидејќи тие нема да ја користат струјата за создавање на профит, туку најчесто за компензирање на сопствената потрошувачка. Беше нагласено дека се создаваат поволни услови за обезбедување на фотоволтаици при користење на средства од европските расположливи зелени фондови, општините располагаат со слободни покривни површини, особено над училиштата и дека е голема штета ваквите можности да се пропуштат. Управниот одбор донесе заклучок што поитно да се организира средба на претставници од ЗЕЛС со претставници од Централниот регистар. Беше посочено на средбата да присуствуваат градоначалникот на Општина Радовиш, Ацо Ристов и градоначалникот на општина Центар, Горан Герасимовски. Потоа да се организира средба и со претставници од Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги, по што ќе се дефинираат неколку модели, релевантни за спроведување на овие постапки. Ова ќе значи голема поддршка за сите општини, за да не губат непотребно време и ресурси во изнаоѓање на најсоодветно решение за излез од енергетската криза.

**Огромниот недостиг на финансиски средства за противпожарните служби – дополнителен товар за тотален финансиски колапс на општините**

Дел од дискусиите на седницата на Управниот одбор беше и нагласувањето за континуираната испорака на недоволно финансиски средства, од страна на централната власт, за спроведување на надлежноста на општините во областа на противпожарната заштита. Ова претставува дополнителен финансиски товар за општините (освен високите цени на електричната струја) и ги доведува до тотален финансиски колапс. И бројните разговори што ЗЕЛС ги имаше со претставници од надлежното Министерство за одбрана, на кое му беа предочени конкретни податоци за финансискиот јаз меѓу префрлените и законските потребни средства за исплаќање на противпожарните служби, не доведе до позитивни промени. Беше посочено дека е потребно да се утврди висината на трошок за еден пожарникар на месечно ниво, каде што освен основната плата има и многу дополнителни издатоци за: прекувремени часови, храна во ноќни смени, обезбедување на опрема, осигурување и друго. За возврат, општините не добиваат ни приближно доволно потребни средства. Напротив, тие секојдневно се




kanë borxhe nuk lejohen të formojnë shoqëri aksionare. Anëtarët e Bordit drejtues theksuan se kjo ka një rëndësi të madhe për komunat në kushtet e krizës energjetike, por edhe në përgjithësi për uljen e shpenzimeve për ngrohjen e shkollave dhe objekteve të tjera publike në kompetencën e tyre, si dhe për shpenzimet e ndriçimit rrugor, sepse nuk do ta përdorin energjinë elektrike për të gjeneruar fitim, por më së shumti për të kompensuar konsumin e tyre. U theksua se krijohen kushte të favorshme për sigurimin e fotovoltaikëve me shfrytëzimin e mjeteve nga fondet ,,e gjelbra" evropiane që janë në dispozicion, komunat kanë sipërfaqe të lira të çative, sidomos mbi shkolla dhe se është për të ardhur keq që të humbasësh mundësi të tilla. Bordi drejtues ka ardhur në përfundim se sa më shpejt duhet të organizohet takim i përfaqësuesve të BNJVL-së me përfaqësues të Regjistrit Qendror. Në takim është sugjeruar që të marrin pjesë kryetari i Komunës së Radovishit, Aco Ristov dhe kryetari i Komunës Qendër, Goran Gerasimovski. Më pas organizohet një takim me përfaqësuesit e Komisionit rregullativ për energjetikë dhe shërbime të ujit, sipas së cilës do të përcaktohen disa modele relevante për zbatimin e këtyre procedurave. Kjo do të thotë mbështetje e madhe për të gjitha komunat, në mënyrë që të mos humbasin kohë dhe burime të panevojshme në gjetjen e zgjidhjes më të përshtatshme për krizën energjetike.

**Mungesë tejet e madhe e mjeteve financiare për shërbimet zjarrfikëse – barrë plotësuese drejtë kolapsit financiar total të komunave**

Një pjesë e diskutimeve në seancën e Bordit drejtues ishin në drejtim të harmonizimit të serishëm se dërgesa e vazhdueshme e mjeteve të pamjaftueshme financiare nga ana e pushtetit qendror për zbatimin e kompetencave të komunave në pjesën e mbrojtjes zjarrfikëse paraqet barrë shtesë për financat e komunave (përveç çmimeve të larta të energjisë elektrike) dhe i çon drejt një kolapsi total. Ndërkaq, bisedat e shumta që BNJVL i kishte me përfaqësuesit e Ministrisë kompetente të mbrojtjes, në të cilat u prezantuan të dhëna konkrete për hendekun financiar në mes të mjeteve të transferuara dhe atyre të kërkuara me ligj për pagesën e shërbimeve zjarrfikëse, nuk sollën ndryshime pozitive. U theksua se është e nevojshme të përcaktohet shuma e shpenzimeve për një zjarrfikës në nivel mujor, ku përveç pagës bazë ka edhe shumë shpenzime shtesë për: jashtë orarit, ushqimin gjatë turneve të natës, sigurimin e pajisjeve, sigurimin e të tjera. Në këmbim, komunat nuk marrin mjetet e nevojshme pothuajse të mjaftueshme. Përkundrazi, çdo

соочуваат со: инспекции кои констатираат недостатоци во противпожарните единици; тужби од пожарникарите; незадоволни граѓани заради неможноста квалитетно да се одговори бидејќи не се поседува ни најосновната опрема за справување со пожарите. На седницата, Управниот одбор донесе заклучок да се испрати допис до надлежното Министерство за одбрана со напомена за најитно соодветно спроведување на законските обврски околу финансирањето на противпожарните единици, по што ќе се покрене и колективна тужба до истото министерство. Како крајна опција беше нагласено откажување од оваа надлежност на сите општини и нејзино префрлање на централно ниво.

На состанокот беше покрената и иницијатива за нова точка на дневен ред на следната седница на Управниот одбор, која се однесува на потребата од измени во делот на сегашните законски утврдени проценти за дооформување на градежна парцела, а стана збор и за процентот на распределба на комуналната такса при градење во Град Скопје и општините, како и за квалитетот на спроведување на комуналната хигиена.



ditë përballen me inspektime që konstatojnë mangësi në njësitë zjarrfikësve; me padi nga zjarrfikësit; me qytetarë të pakënaqur për shkak të pamundësisë së një reagimi cilësor sepse nuk kanë as pajisjet më elementare për përballimin e zjarreve. Në mbledhje, Bordi drejtues ka marrë vendim që Ministrisë kompetente për mbrojtje t'i dërgohet shkresë për zbatimin sa më urgjent dhe të duhur të obligimeve ligjore lidhur me financimin e njësive zjarrfikëse, mbi të cilën do të ngrihet një proces gjyqësor kolektiv kundër të njëjtës ministri. Si opsion përfundimtar, u theksua që kjo kompetencë të hiqet nga të gjitha komunat dhe të transferohet në nivelin qendror.

Në mbledhje u ngre edhe iniciativa për pikë të re të rendit të ditës në seancën e ardhshme të Bordit drejtues, që i referohet nevojës nga ndryshimet e në pjesën e përqindjeve ligjore të përcaktuara aktualisht për formësimin e parcelës ndërtimore, ndërsa u bë fjalë edhe për përqindjen e shpërndarjes së taksës komunale gjatë ndërtimit në Qytetin e Shkupit dhe të komunave, si dhe për zbatimin cilësor të higjienës komunale.

## ЗЕЛС ОРГАНИЗИРАШЕ СРЕДБА СО СИТЕ РЕЛЕВАНТНИ ФАКТОРИ ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ НА ПРЕДИЗВИКОТ НА ОПШТИНИТЕ ЗА НАПЛАТАТА НА ЈАВНОТО ОСВЕТЛУВАЊЕ

Во административната зграда на ЗЕЛС, на 1 август 2022 година, беше организирана срдба на претставници од ЗЕЛС со претставници од Министерството за финансии, Министерството за транспорт и врски, претседателот на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги Марко Беслимовски и со претставници од ЕВН. Беше изнесен новонастанатиот предизвик околу наплатата на потрошувачката за уличното осветлување, бидејќи Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги во новиот тарифен систем за утврдување на висината на цените на електричната енергија, ја изоставил категоријата „јавно осветлување". Оттука, и покрај тоа што со Законот за комунални такси изречно е уредена висината на комуналната такса за улично осветлување по броило, не постои можност таа да биде соодветно пресметана. Согласно со Законот, субјектот кој врши дистрибуција на електрична енергија, во случајот ЕВН Македонија, нема методологија како да ја утврди висината на комуналната такса во согласност со новите цени, па до моментот на уредување на ова прашање, како што ја информираа ЗЕЛС, но и Владата и другите релевантни институции, наплатата ќе ја врши по последно утврдената цена за улично осветлување, што важеше до 30 јуни, 2022 година. Тоа претставува уште еден, дополнителен „удар" за општините кон создавање на енормни долгови за електрична енергија .

По исцрпната дискусија, како заклучок од средбата произлегоа две барања:

## BNJVL ORGANIZOI TAKIM ME TË GJITHË FAKTORËT RELEVANTË PËR ZGJIDHJEN E SFIDËS SË KOMUNAVE LIDHUR ME ARKËTIMIN E NDRIÇIMIT RRUGOR

Në ndërtesën administrative të BNJVL-së, më 01 gusht 2022, përfaqësuesit e deleguar nga Bordi drejtues i BNJVL-së: kryetari i komunës së Radovishit, Aco Ristov dhe kryetari i komunës Qendër, Goran Gerasimovski u takuan me përfaqësuesit e Ministrisë për financa, Ministrisë për transport dhe lidhje, kryetari i Komisionit rregullator dhe shërbime të ujit, Marko Beslimovski dhe përfaqësuesit e EVN-së. Që këtu sfida e sapoformuar rreth arkëtimit të konsumit të ndriçimit rrugor, pasi që Komisioni rregullator për energjetikë dhe shërbime të ujit në sistemin e ri tarifor për përcaktimin e lartësisë së çmimeve të energjisë elektrike, ka anashkaluar kategorinë „ndriçim rrugor". Që këtu edhe krahas asaj që me Ligjin për taksa komunale është rregulluar lartësia e taksave komunale për ndriçim rrugor sipas aparatit matës, nuk ekziston mundësia e njëjtë të jetë e kalkuluar në mënyrë adekuate. Konform këtij Ligji, subjekti që kryen distribuimin e energjisë elektrike, në këtë rast EVN Maqedoni, nuk ka metodologji si t'a përcaktojë lartësinë e taksës komunale konform çmimeve të reja, e deri në momentin e rregullimit të kësaj çështjeje, siç e informuan BNJVL-në, por edhe Qeverinë dhe institucionet tjera relevante, arkëtimi do të realizohet në bazë të çmimit të fundit të përcaktuar për ndriçim rrugor, që vlente deri më 30 qershor, 2022. Kjo paraqet edhe një „sulm" shtesë për komunat drejt krijimit të borxheve enorme për energji elektrike.

Pas diskutimit të gjërë si konkluzion nga takimi rrodhën dy kërkesa:




1. Владата или Министерството за финансии да испратат допис до ЕВН, со кој ќе ги известат дека согласно со наведените промени во тарифниот систем, донесени од РКЕ и согласно со дописот од ЗЕЛС, цената што треба да ја наплатуваат на име јавно осветлување треба да биде средната цена од цената за мали потрошувачи, сè до примена на Законот за комунални такси.

2. Министерството за финансии да пристапи кон итна промена на Законот за комунални такси, каде што во член 20, тарифа 10, јасно ќе се наведе дека цената по која треба да се пресметува таксата за јавното осветлување треба да соодветствува на ценовникот кој го носи РКЕ и да биде средна вредност од цената за дневна и ноќна потрошувачка, со додадена вредност за мрежна потрошувачка.

Pjesa e të ardhurave të TVSH-së që janë të dedikuara për barazim shpërndahet vetëm për komunat të cilat janë nën pragun e mesatares së të ardhurave të tatimit të të ardhurave personale për kokë banori, të arkëtuara në vitin paraprak. Shpërndarja e mjeteve të pjesës për performanca dhe pjesës për barazim nëpër komunat do të kryhet më së voni deri më 31 mars në vitin aktual.

**Propozim-metodologjitë në arsim, mbrojtje sociale dhe kujdesi për personat e moshuar për vitin 2022 në seancën paraprake, të realizuar në muajin korrik**

Anëtarët e Komisionit për monitorimin e zhvillimit të sistemit për financimin e njësive të vetëqeverisjes lokale, në seancën e kaluar, e cila u mbajt më 20 korrik 2022, në ndërtesën administrative të BNJVL-së, dhanë mendim pozitiv për tekstet e disa propozim - rregulloreve për metodologjitë për përcaktimin e kritereve për ndarjen e bllok subvencioneve për komunat. Bëhet fjalë për metodologjitë e shpërndarjes së bllok dotacioneve për arsimin fillor dhe të mesëm sipas komunave për vitin 2022; për metodologjinë për përcaktimin e kritereve për ndarjen e bllok-dotacioneve për institucionet publike për fëmijë – kopshtet e fëmijëve dhe qendrat për zhvillim të hershëm të fëmijëve në kuadër të kopshteve publike sipas komunës për vitin 2022 dhe për metodologjinë e bllok-dotacioneve për institucionet publike të mbrojtjes sociale – për shtëpitë e të moshuarve për vitin 2022. Duke qenë se tekstet e rregulloreve nuk u ndryshuan, pra mbetën të njëjta me ato të një viti më parë, të pranishmit nuk zhvilluan një diskutim të veçantë për këto pika.

Në këtë seancë, para të pranishmëve u lajmërua se për periudhën e ardhshme përgatitet zbatimi i formulës së re për financimin e arsimit fillor. Kryetarët e komunave – anëtarët aktualë të Komisionit nuk ishin të informuar mbi të këtë, pasi që propozimi u prezantua në seancën e 41, të realizuar më 3 gusht, 2021, respektivisht disa muaj para zgjedhjeve të fundit lokale që u realizuan në tetor 2021. Në këtë drejtim u kërkua propozimi të jetë i prezantuar në mënyrë plotësuese në seancën e ardhshme të Komisionit, me ç'rast do të mund të zhvillohet edhe në diskutimin adekuat mbi të njëjtin. Përfaqësuesit e pushtetit lokal, anëtarët e Komisionit dhe të kësaj mbledhjeje e theksuan kërkesën së bashku me prezantimin e të gjitha propozim-rregulloreve të sigurojë edhe simulim, përmes së cilit do të merr fotografi më konkrete në mënyrë se si do të reflektohej shpërndarja e ofruar e mjeteve për çdo komunë.



# НОВИ ШЕСТ ОПШТИНИ ЌЕ ДОБИЈАТ СТРУЧНА ПОДДРШКА ЗА ИЗРАБОТКА НА ЛОКАЛЕН СОЦИЈАЛЕН ПЛАН

Аеродром, Берово, Бутел, Гази Баба, Карпош и Тетово се новите шест општини што ќе добијат стручна поддршка за изработка на локален социјален план, во рамките на проектот „Поддршка на модернизацијата и деинституционализацијата на социјалните услуги“. Преку овој проект, досега ваква поддршка добија дваесет општини од земјава. Всушност, станува збор за законска обврска (во согласност со Законот за социјална заштита) со која секоја општина треба да усвои социјален план, што го подготвува Општинскиот совет за социјална заштита. Во рамките на проектот, за претставниците на општините се обезбедуваат и обуки што се реализираат во периодот јуни – ноември 2022 година.

Претставниците од шесте општини, на 14 септември 2022 година, преку онлајн платформа, се запознаа со динамиката на целиот процес и со ангажираните експерти што ќе им помагаат на општините при изработката на планот. Социјалниот план претставува повеќегодишен документ на општината, преку кој треба да се идентификуваат социјалните проблеми во заедницата и да се обезбеди соодветен одговор на идентификуваните предизвици, како и да се утврди воспоставување или унапредување на социјалните сервиси. Социјалниот план се изработува низ консултативен процес во кој се вклучени сите релевантни чинители на локално ниво, обезбедувајќи релевантни податоци од сите засегнати страни.

Со цел поттикнување на општините што поскоро да ги спроведат законските обврски (да воспостават општински совет за социјална заштита и да усвојат социјален план), Министерството за труд и социјална политика овие две обврски ги стави како услов за учество на општините на вториот јавен повик за доделување грантови за развој на социјалните услуги. Општините што досега не ги исполниле овие услови, исто така може да конкурираат, но притоа треба да поднесат и писмена изјава дека во рок од 6 месеци ќе воспостават совет и ќе развијат социјален план.

Проектот „Поддршка на модернизацијата и деинституционализацијата на социјалните услуги“ е финансиран од Делегацијата на ЕУ, а се спроведува од Регионалната канцеларија на ЕПТИСА за Југоисточна Европа, во конзорциум со CARE, а во директна соработка со Министерството за труд и социјална политика на РСМ и ЗЕЛС.

# GJASHTË KOMUNA TË REJA DO TË MARRIN PËRKRAHJE PROFESIONALE PËR HARTIMIN E PLANIT SOCIAL LOKAL

Aerodromi, Berova, Buteli, Gazi Baba, Karposhi dhe Tetova janë gjashtë komunat të cilat do të marrin përkrahje profesionale për përpilimin e planit social lokal, në kuadër të projektit ,,Përkrahja e modernizimit dhe deinstitucionalizimi i shërbimeve sociale”. Përmes projektit në fjalë deri më tani përkrahje të këtillë kanë marrë njëzet komuna nga vendi. Në të vërtetë bëhet fjalë për obligimet ligjore (konform Ligjit për mbrojtje sociale) në të cilën çdo komunë duhet të miratojë plan social, që e përpilon Këshilli komunal për mbrojtje sociale.

Përfaqësuesit nga gjashtë komunat më 14 shtator 2022, u njohën me dinamikën e mbarë procesit dhe me ekspertët e angazhuar që do të ndihmojnë komunat në zhvillimin e planit përmes një platforme online. Plani social është një dokument shumëvjeçar i komunës, përmes të cilit duhet të identifikohen problemet sociale në bashkësi dhe të jepet një përgjigje adekuate ndaj sfidave të identifikuara, si dhe të krijohen apo përmirësohen shërbimet sociale. Plani social zhvillohet përmes një procesi konsultativ që përfshin të gjithë faktorët në nivel lokal, duke ofruar të dhëna përkatëse nga të gjitha palët e tanguara.

Në drejtim të nxitjes së komunave që sa më shpejtë t’i zbatojnë obligimet ligjore (të vendosin këshillin për mbrojtjen sociale dhe të miratojnë plan social) Ministria për punë dhe politikë sociale këto dy obligime i vendosi si kusht për pjesëmarrjen e komunave në Thirrjen e dytë për ndarjen e granteve për zhvillim të shërbimeve sociale. Komunat që deri më tani nuk i kanë plotësuar kushtet, gjithashtu mund të konkurrojnë, por pastaj të dërgojnë edhe deklaratë të shkruar se në afat prej 6 muajsh do të themelojnë Këshillin dhe do të zhvillojnë plan social.

Projekti ,,Përkrahja e modernizimit dhe deinstitucionalizimit të shërbimeve sociale” është financuar nga Delegacioni i BE-së, ndërsa zbatohet nga Zyra rajonale e EPTISA për Evropën Juglindore, në konzorcium me CARE, ndërsa në bashkëpunim të drejtpërdrejtë me Ministrinë për punë dhe politikë sociale të RMV dhe BNJVL.



## РЕАЛИЗИРАНИ ОБУКИТЕ ЗА НОВИОТ ЗАКОН ЗА ИНСПЕКЦИЈА ВО ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Претставници од општините од Југоисточниот и од Вардарскиот Регион, како и од Југозападниот и Пелагонискиот Регион, на 13 и на 15 септември 2022 година, следеа обука за примена на новиот Закон за инспекција во животната средина, воедно и за прекршочната и кривична постапка во оваа област. Со тоа, најважните законски измени, а особено одредбите кои се однесуваат на локалната власт, беа презентирани пред вработените од секторите или одделенијата за животна средина од сите општини, имајќи предвид дека во првата половина на јуни, оваа година, обуката ја проследија и претставниците од општините од Скопскиот, Полошкиот, Источниот и од Североисточниот Плански Регион. Обуката се одржа во просториите на ЗЕЛС тренинг центарот, а ја организираше ЗЕЛС, во соработка со Министерството за животна средина и просторно планирање (МЖСПП) и Инспекцискиот совет (ИС). Пред присутните се обратија извршната директорка на ЗЕЛС, Душица Перишиќ, која нагласи дека една од стратегиските цели на ЗЕЛС е јакнење на капацитетите на општинската администрација и во таа насока ги охрабри претставниците од општините да се обраќаат во Заедницата за да им се обезбедат и други обуки, што сметаат дека им се потребни. Од Државниот инспекторат за животна средина се обрати директорот Сретен Стојковски, кој, освен за законските измени, говореше и за потребата од обезбедување на вистинското место на инспекторите за животна средина и потребата од зголемена меѓусебна соработка на локално и државно ниво.

## U REALIZUAN TRAJNIME PËR LIGJIN E RI PËR INSPEKTIM NË MJEDISIN JETËSOR

Përfaqësuesit nga komunat e Rajonit Juglindor dhe të Vardarit, si dhe nga Rajoni Jugperëndimor dhe ai i Pellagonisë, më 13 dhe 15 shtator 2022, ndoqën 2022 trajnimin për zbatimin e Ligjit të ri të inspektimit në mjedisin jetësor, si dhe për procedurën kundërvajtëse dhe penale në këtë lëmi. Me këtë, ndryshimet më të rëndësishme ligjore, e veçanërisht dispozitat që kanë të bëjnë me pushtetin lokal, u prezantuan para të punësuarve të sektorëve apo departamenteve të ambientit mjedisor nga të gjitha komunat, duke pasur parasysh se në gjysmën e parë të qershorit të këtij viti, këtë trajnim e ndoqën edhe përfaqësuesit e komunave të Rajonit planifikues të Shkupit; Pollogut; të Rajonit Lindor dhe Verilindor. Trajnimi u mbajt në hapësirat e Qendrës së Trajnimeve të BNJVL-së dhe u organizua nga BNJVL-ja në bashkëpunim me Ministrinë e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor (MMJPH) dhe Këshillin Inspektues (KI). Para të pranishmëve u drejtua drejtoresha ekzekutive e BNJVL-së, Dushica Perishiq, e cila theksoi se një nga qëllimet strategjike të BNJVL-së është përforcimi i kapaciteteve të administratës komunale dhe në këtë drejtim i inkurajoi përfaqësuesit e komunave që t'i drejtohen Bashkësisë me qëllim që të sigurohen për ta edhe trajnime të tjera, për të cilat ata mendojnë se kanë nevojë. Nga Inspektorati shtetëror pë mjedis jetësor u drejtua drejtori Sreten Stojkovski, i cili përveç për ndryshimet ligjore foli edhe për nevojën për sigurimin e vendit të duhur të inspektorëve të mjedisit jetësor dhe nevojën e rritjes së bashkëpunimit të ndërsjellë në nivel lokal dhe shtetëror.









**Задолжително назначување на овластен инспектор за животна средина во општината**

На обуката беше посочено дека Законот за инспекција во животната средина го донесе Собранието на РСМ на 19 април 2022 година, и е објавен во Службен весник на РСМ бр.99/2022 21 април 2022 година. Со овој закон, на едно место се уредуваат сите специфични прашања за надлежноста и организацијата на инспекцискиот надзор во животната средина на централно и на локално ниво. Посебно внимание е посветено на обезбедувањето планирање на инспекцискиот надзор во животната средина (Годишен план кој се донесува согласно со ЗИН, тригодишна Програма и шестгодишна Стратегија) и на обезбедувањето постојано и континуирано јакнење на капацитетите на инспекторите (на централно и на локално ниво). Особено беше нагласено дека до крајот на оваа година сите единици на локалната самоуправа треба задолжително да назначат овластен инспектор за животна средина, што исклучиво ќе ги врши работите само од оваа област (а не и други работи, како што е случај сега) или да воспостават меѓуопштинска соработка. Исто така, со Законот е воспоставена основата за соработка на инспекторите во животната средина на централно и локално ниво, а утврден е и надзор над законитоста на работата на органите на ЕЛС во областа на инспекциските служби.

На обуката беа посочени и законски постапки за стекнување со лиценца, преку следење на теоретски дел во период од три месеци и практична работа во период од 9 месеци, по што следува полагање на испит. Стекнатата лиценца на инспекторите е трајна, односно не треба да се обновува. Беа наведени и законски утврдените состојби кога Инспекцискиот совет може да му ја одземе лиценцата на инспектор или да поведе дисциплинска постапка со привремено одземање на лиценцата.

**Emërim i detyrueshëm i inspektorit të autorizuar për mjedis jetësor në komunë**

Në trajnim u theksua se Ligji për inspektim në mjedisin jetësor është miratuar nga Kuvendi i RMV-së më 19 prill 2022 dhe është publikuar në Gazetën Zyrtare të RMV-së Nr. 99/2022 më 21 Prill 2022. Me këtë ligj rregullohen në një vend të gjitha çështjet specifike lidhur me kompetencën dhe organizimin e inspektimit në mjedisin jetësor në nivel qendror dhe lokal. Vëmendje e veçantë i kushtohet sigurimit të planifikimit të mbikëqyrjes inspektuese në mjedisin jetësor (Plani Vjetor që miratohet në përputhje me Ligjin për mbikëqyrje inspektuese, Programi trevjeçar dhe Strategjia gjashtëvjeçare) dhe sigurimit të forcimit të vazhdueshëm të kapaciteteve të inspektorëve (në nivel qendror dhe lokal). Në veçanti u theksua se deri në fund të këtij viti, të gjitha njësitë e vetëqeverisjes lokale duhet të caktojnë detyrimisht një inspektor të autorizuar për mjedisin jetësor, i cili ekskluzivisht do t'i kryejë punët vetëm në këtë sferë (e jo punë të tjera, siç është rasti tani) ose të vendosin bashkëpunim ndërkomunal. Gjithashtu, me ligjin është vendosur baza e bashkëpunimit të inspektorëve në mjedisin jetësor në nivel qendror dhe lokal, si dhe është vendosur mbikëqyrja mbi ligjshmërinë e punës së organeve të NJVL në sferën e shërbimeve të inspektimit.

Në trajnim u theksuan edhe procedurat ligjore për marrjen e licencës përmes ndjekjes së pjesës teorike për një periudhë tremujore dhe punës praktike për një periudhë nëntëmujore, pas të cilave vijon provimi. Licenca e fituar e inspektorëve është e përhershme, përkatësisht ajo nuk ka nevojë të ripërtërihet. U theksuan edhe situatat e përcaktuara me ligj kur Këshilli inspektues mund t'ia revokojë licencën inspektorit ose të fillojë procedurë disiplinore me marrje të përkohshme të licencës.

## ФОРМИТЕ ЗА ПРИМЕНА НА ДЕМОКРАТСКОТО УПРАВУВАЊЕ ВО ЛОКАЛНАТА ЗАЕДНИЦА – СУШТИНСКА ВРСКА ПОМЕЃУ ОПШТИНИТЕ И ГРАЃАНИТЕ

„Промовирање на принципите на демократското управување“ беше темата на тридневната обука наменета за претставници од општините од четирите региони: Скопскиот, Полошкиот, Пелагонискиот и Југозападниот. Обуката ја организираа ЗЕЛС и Мисијата на ОБСЕ во Скопје, во периодот од 19 до 21 септември, во Охрид.

Учесниците од општините, кои работат на креирање и развивање на програми и документи од повеќе сектори, ги обновија и дополнија своите знаења за примената на принципите на демократското управување на локално ниво. Беше презентирано како принципите на транспарентност, одговорност и отчетност се интегрираат во процесот на креирање општински програми и носење одлуки. Се говореше и за демократското управување и неговото значење за избраните функционери и за граѓаните на локално ниво. Претставникот од ЗЕЛС потсети на „Форуми во заедницата“ – форма на граѓанско учество институционализирана во повеќе од 70 општини во земјата. Пред присутните беше презентиран и

## FORMAT E ZBATIMIT TË QEVERISJES DEMOKRATIKE NË BASHKËSINË LOKALE JANË NJË LIDHJE THELBËSORE MIDIS KOMUNAVE DHE QYTETARËVE

„Promovimi i parimeve të qeverisjes demokratike" ishte tema e trajnimit treditor për përfaqësuesit e komunave nga rajonet: Shkup, Pollog, Pellagoni dhe nga Rajoni Jugperëndimor. Trajnimi e organizuan BNJVL dhe Misioni i OSBE-së në Shkup në periudhën nga 19 deri më 21 shtator, në Ohër.

Pjesëmarrësit e komunave të cilët punojnë për zhvillim të dokumenteve dhe programeve të më shumë sektorëve rifreskuan njohurive të tyre lidhur me parimet e qeverisjes demokratike dhe zbatimit të nivelit lokal. U prezantua se si se si parimet e transparencës, përgjegjësisë, llogaridhënies integrohen në procesin e krijimit të programeve komunale dhe vendim-marrjen. u fol edhe për qeverisjen demokratike në komuna dhe rëndësinë e saj si për funksionarët e zgjedhur ashtu edhe për qytetarët në nivel lokal. Përfaqësuesi i BNJVL-së rikujtoi për rëndësinë e mjetit të pjesëmarrjes së qytetarëve „Forume në bashkësi" dhe mundësitë të cilat i ofron kjo formë e pjesëmarrjes së qytetarëve e cila është institucionalizuar te më shumë se

„Водич за локални политики: Граѓанското учество како предуслов за подобри политики во локалната заедница“, изработен од Мисијата на ОБСЕ во соработка со ЗЕЛС, во изминатата фаза од тригодишната соработка помеѓу двете институции. Водичот дава насоки за спроведување на клучните елементи на процесите поврзани со локалните политики, врз основа на принципите на демократско управување и партиципативно носење одлуки. Во него се дадени препораки во секој чекор од циклусот на локалните политики: дефинирање на приоритетите, подготовка, усвојување, спроведување, мониторинг и евалуација на локалните политики (стратегии, програми, планови, акти и слични документи), со посебен фокус на вклучувањето на засегнатите страни во сите фази. Претставниците од локалната власт активно учествуваа во целиот процес на обуката, при што, поделени во три групи, тие работеа на примена на принципите на демократското управување во работата на општината и вклучување на граѓаните во креирање политики на локално ниво. Презентираните резултати покажаа дека општините применуваат разни форми на вклучување на граѓаните. На обуката, присутните имаа можност да ги претстават и своите искуства од работењето во оваа област, кои може да послужат како добра практика за примена во другите општини.

70 komuna në vend. Gjatë këtij sesioni u prezantua edhe Udhëzuesi i politikave lokale: Pjesëmarrja e qytetarëve si parakusht për politika më të mira në bashkësinë lokale, i hartuar nga ana e Misionit të OSBE-së në bashkëpunim me BNJVL-në, në fazën e kaluar të bashkëpunimit trevjeçar midis të dyja institucioneve. Udhëzuesi jep drejtime për zbatim të elementeve kryesore në proceset e lidhura me politikat lokale në bazë të parimeve të qeverisjes demokratike dhe vendimmarrjes participative. Udhëzuesi ofron rekomandime në çdo hap të ciklit të politikave lokale: definimi i prioriteteve, përgatitja, miratimi, zbatimi, monitorimi dhe vlerësimi i politikave lokale (strategji, programe, plane, akte dhe dokumente të ngjshme) me fokus të veçantë ndaj përfshirjes së palëve të përfshira në të gjitha fazat. Përfaqësuesit e pushtetit lokal, në mënyrë aktive morrën pjesë në mbarë procesin e trajnimit, me ç'rast, të ndarë në tre grupe që punonin në disa ushtrime: zbatimi i parimeve të qeverisjes demokratike në punën e komunës dhe përfshirja e qytetarëve në krijimin e politikave në nivel lokal. Rezultatet e prezantuara treguan se komunat zbatojnë forma të ndryshme të përfshirjes së qytetarëve. Në trajnim, të pranishmit patën mundësi t'i prezantojnë edhe përvojat e veta nga puna në këtë lëmi, të cilat mund të shërbejnë si praktikë e mirë për zbatimin në komunat tjera.






# ИСКУСТВА ОД ИМПЛЕМЕНТИРАЊЕТО НА ЦЕЛИТЕ ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ ВО ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА, ПРЕЗЕНТИРАНИ НА МЕЃУНАРОДНАТА СТУДИСКАТА ПОСЕТА ВО СКОПЈЕ – АГЕНДА 2030

Претставници од општините и од општинските асоцијации од седум држави од Источна Европа и Азија (Северна Македонија, Србија, Косово, Молдавија, Белорусија, Грузија и Киргистан) како и претставници од граѓанските организации и други релевантни институции кои спроведуваат активности поврзани со имплементирањето на Целите за одржлив развој (ЦОР) од овие земји, во периодот од 19 до 22 септември 2022 година, беа на студиска посета во Скопје. Целта на овој настан беше меѓусебна размена на искуства околу имплементацијата на Агендата 2030, каде што особен фокус беше ставен на потребата за усогласување на политиките на национално и на локално ниво со Целите за одржлив развој, како и развивање на рамка на национални и локални индикатори кои произлегуваат од глобалната рамка на индикатори за ЦОР, во насока на следење на прогресот на национално и на локално ниво. Настанот беше организиран од Германското друштво за меѓународна соработка (ГИЗ).

# PËRVOJA NGA IMPLEMENTIMI I QËLLIMEVE PËR ZHVILLIM TË QËNDRUESHËM NË VETËQEVERISJEN LOKALE TË PREZANTUARA NË VIZITËN STUDIMORE NË SHKUP - „AGJENDA 2030“

Përfaqësuesit e komunave dhe asociacionet e komunave nga shtatë shtete nga Evropa Lindore dhe Azia (Maqedonia e Veriut, Serbia, Kosova, Moldavia, Bjellorusia, Gjeorgjia dhe Kirgistani) si dhe përfaqësuesit e organizatave civile dhe institucione tjera relevante të cilat zbatojnë aktivitetet lidhur me implementimin e Qëllimeve për zhvillim të qëndrueshëm (QZHQ) në këto vende, në periudhën 19, 22 shtator, 2022, ishin në vizitë studimore në Shkup. Qëllimi i ngjarjes në fjalë ishte shkëmbimi i ndërsjellë i përvojave rreth implementimit të Agjendës 2030, ku fokus i veçantë u vendos në nevojën për harmonizimin e politikave në nivel nacional dhe lokal me Qëllimet për zhvillim të qëndrueshëm, si dhe zhvillimi i kornizës së indikatorëve nacional dhe lokal të cilët rrjedhin nga Korniza globale e indikatorëve për QZGQ, në drejtim monitorimi të progresit në nivel nacional dhe në nivel lokal. Ngjarja u organizua nga Shoqëria Gjermane për bashkëpunim ndërkombëtar (GIZ).




Присутните имаа можност да се запознаат со искуствата на ЗЕЛС, која во соработка со НАЛАС спроведе работилници во четири општини во нашата земја, во насока на зајакнување на свеста на локалната власт за значењето на Агендата 2030 и принципот „Никој да не биде изоставен“. Сите Цели за одржлив развој (ЦОР) се директно или индиректно поврзани со надлежностите на локалните власти. За да се постигне Агендата 2030, проценето е дека над 65 % од ЦОР треба да се имплементираат на локално ниво. За таа цел, на работилниците беше презентирана соодветна алатка, развиена од ГИЗ, преку која општината заедно со другите релевантни институции ги идентификуваше најважните цели и потцели за одржлив развој. Претставникот на ЗЕЛС ги изнесе и активностите поврзани со спроведувањето на социјалното мапирање на ранливите групи (методологија развиена од ГИЗ) која се заснова на принципот „Никој да не биде изоставен“. Имајќи предвид дека повеќе од 90 проценти од ЦОР се директно поврзани со заложбите за фундаменталните човекови права, примената на социјалното мапирање овозможува да се добијат сознанија за поединците или ранливите групи во заедницата кои се соочуваат со одредени ограничувања (во рамките на петте ризик-фактори: дискриминација, географија, управување, социоекономски статус и ранливост на шокови) со цел да им се овозможи да имаат пристап до услугите што им се потребни.

Të pranishmit patën mundësi të njihen me përvojat e BNJVL-së, e cila në bashkëpunim me NALAS realizoi punëtori në katër komuna në vendin tonë, në drejtim të përforcimit të vetëdijes së pushtetit lokal për rëndësinë e Agjendës 2030 dhe parimit „Askush të mos ngelet i anashkaluar”. Të gjitha Qëllimet për zhvillim të qëndrueshëm (QZHQ) lidhen drejtpërdrejt ose tërthorazi me kompetencat e pushteteve lokal. Për të arritur Axhendën 2030, vlerësohet se mbi 65% e QZHQ duhet të zbatohen në nivel lokal. Në këtë drejtim, në punëtori u prezantua një mjet adekuat i zhvilluar nga GIZ, përmes të cilit komuna së bashku me institucionet tjera relevante identifikuan qëllimet dhe nën-qëllimet më të rëndësishme për zhvillim të qëndrueshëm. Përfaqësuesi i BNJVL-së prezantoi edhe aktivitetet lidhur me realizimin e hartës sociale të grupeve senzitive (metodologjia e zhvilluar nga GIZ), e cila bazohet në parimin „Askush të mos ngelet i anashkaluar”. Duke marrë parasysh se më shumë se 90 për qind e QZHQ janë të lidhura drejtpërdrejt me angazhimet themelore të të drejtave fondamentale të njeriut, aplikimi i hartës sociale lejon të fitohen njohuri rreth individëve ose grupeve senzitive në bashkësi që përballen me kufizime të caktuara (brenda pesë faktorëve të rrezikut: diskriminimi, gjeografia, qeverisja, statusi socio-ekonomik dhe cenueshmëria ndaj goditjeve) me qëllim që t›u mundësohet qasje në shërbimet që u nevojiten.

Претставничката од Битола, преку конкретен пример ги изнесе искуствата за вклучување на потребите на ранливите лица при креирањето на локалните политики. Клучните наоди, по спроведеното социјално мапирање на лицата со попреченост во општината, беа интегрирани во социјалниот план и во Годишната програма за социјална заштита на Општина Битола. Општината одвои и буџет за имплементација на конкретните мерки, со цел унапредување на состојбата на лицата со попреченост, меѓу кои се: обезбедување превод на знаковен јазик; обезбедување информации на Брајова азбука; зголемен број на образовни асистенти во средното образование; обезбедување на негуватели за децата со попреченост во градинките и нивен бесплатен престој; поддршка на активностите за вклучување на лицата со попреченост во спортски активности; локални кампањи за зголемување на свеста за потребите на лицата со попреченост и други мерки.

## „СИЛНАТА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА КАКО НАЈДОБАР НАЧИН ЗА ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ДЕМОКРАТИЈАТА И ДРЖАВНАТА ЕФИКАСНОСТ ВО ЗАПАДЕН БАЛКАН“ – ТЕМА НА СРЕДБАТА ОРГАНИЗИРАНА ОД ЗЕЛС И АМБАСАДАТА НА РЕПУБЛИКА ПОЛСКА

ЗЕЛС и Амбасадата на Република Полска во нашата земја, на 28 септември, 2022 година, во просториите на Делегацијата на Европската Унија во Скопје, организираа средба на тема „Силната локална самоуправа како најдобар начин за зајакнување на демократијата и државната ефикасност во Западен Балкан“. Настанот имаше цел промовирање на добри примери во локалната самоуправа во процесот на децентрализација и локална демократија; идентификување на потенцијалните области за билатерална соработка за полските и македонските градови и општини, како и олеснување на размената на мислења и искуства за локалното владеење помеѓу полските експерти и претставниците на македонската локална власт.

**Секогаш се добредојдени искуствата на европските земји за јакнење на демократските процеси и ефикасноста на локалната власт – нагласи Арсовска**

Во името на општините, присутните ги поздрави претседателката на ЗЕЛС, Данела Арсовска, која нагласи дека искуствата од општините и градовите од земјите членки на Европската Унија, како што е Република Полска, се секогаш добредојдени за нашите единици на локалната самоуправа (ЕЛС), особено во делот на јакнење на демократските процеси и ефикасноста на локалната власт. Присутните градоначалници и претставници од општинската администрација од петнаесетте поканети општини, ги поздрави и амбасадорот на Република Полска во нашата земја, Н. Е. Војцех Тицињски, како и заменик-амбасадорот на Делегацијата на Европската Унија во земјава, Џулијан Васало. Тие говореа за отворената поддршка што ЕУ и нејзините членки, како Полска, ѝ ја даваат на нашата земја и на општините во неа. Од особена

Përfaqësuesja e Manastirit, përmes shembullit konkret i parashtroi përvojat e përfshirjes së nevojave të personave me rrezik social gjatë krijimit të politikave lokale. Gjetjet kyçe, pas hartëzimit social të zbatuar të personave me aftësi të kufizuara në komunë, u integruan në planin social dhe në Programin vjetor për mbrojtje sociale të komunës së Manastirit. Komuna ndau edhe buxhet për implementimin e masave konkrete, me qëllim avancimi të gjendjeve të personave me aftësi të kufizuara, midis të cilave: sigurimi i përkthimit në gjuhën e shenjave; sigurimi i informacionit të alfabetit Braj; rritja e numrit të asistentëve arsimorë në arsimin e mesëm; sigurimi i përkëdhelësve për fëmijët me aftësi të kufizuara në kopshtet dhe qëndrimi i tyre falas; përkrahja e aktiviteteve për përfshirjen e personave me aftësi të kufizuara në aktivitetet sportive; fushatat lokale për ngritjen e vetëdijes për nevojat e personale me aftësi të kufizuara dhe masa tjera.

## „VETËQEVERISJE LOKALE E FORTË SI MËNYRË MË E MIRË PËR PËRFORCIMIN E DEMOKRACISË DHE EFIKASITETIT NË BALLKANIN PERËNDIMOR” – TEMË E TAKIMIT TË ORGANIZUAR NGA BNJVL DHE AMBASADA E REPUBLIKËS SË POLONIS

BNJVL së bashku me Ambasadën e Republikës së Polonisë në vendin tonë, më 28 shtator, 2022 në hapësirat e Delegacionit të Bashkimit Evropian në Shkup, organizon takim me temë „Vetëqeverisje lokale e fortë si mënyrë më e mirë për përforcimin e demokracisë dhe efikasitetit në Ballkanin Perëndimor”. Ngjarja pati për qëllim promovimin e shembujve të mirë në procesin e decentralizimit dhe demokracia lokale; identifikimi i lëmenjve potencialë për bashkëpunimin bilateral për komunat dhe qytetet e Polonisë dhe Maqedonisë së Veriut, si dhe lehtësimin e shkëmbimit të mendimeve dhe përvojave për qeverisjen lokale midis ekspertëve të Polonisë dhe përfaqësuesve të pushtetit lokal të Maqedonisë së Veriut.

**Çdoherë janë të mirëseardhura përvojat e vendeve evropiane për përforcimin e proceseve demokratike dhe efikasiteti i pushtetit lokal – theksoi Arsovska**

Në emër të komunave, të pranishmit i përshëndeti kryetarja e BNJVL-së, Danella Arsovska, që theksoi se përvojat e komunave dhe qyteteve nga vendet, anëtare të bashkimit Evropian, siç është edhe Republika e Polonisë, çdoherë janë të mirëseardhura për njësitë e vetëqeverisjes lokale nga vendi, veçanërisht në pjesën e përforcimit të procesit demokratik dhe efikasiteti i pushtetit lokal. Kryetarët e pranishëm dhe përfaqësuesit e administratës komunale nga pesëmbëdhjetë komuna të ftuara i përshëndeti edhe Ambasadori i Republikës së Polonisë në vendin tonë, E.T. Vojceh Ticinjski, si zëvendës-ambasadori i Delegacionit të Bashkimit Evropian në vend, Xhulian Vasallo. Ata folën edhe për përkrahjen e hapur të BE-së dhe anëtaret e saj, si Polonia dhe i'a japin vendin tonë dhe komunave të saj. Mjaft e rëndësishme është implementimi




важност е имплементирањето на европските стандарди во сите сегменти на општественото живеење, а особено во локалната власт, која е најблиску до граѓаните. Па оттаму и начинот на искористување на средствата од европските фондови за подобрување на демократијата, но и на услугите на локалната власт, најдобро може да се пренесе од искуствата низ кои поминале европските држави, меѓу кои е Полска, членка на ова европско семејство од 2004 година.

### Презентиран системот и функционирањето на локалната власт во Полска

На средбата беше презентиран системот на локалната власт во Полска и процесот на децентрализација на јавната власт. Беше посочено дека во Полска има три нивоа на локално владеење: војводства (16), околии и големи градови (66) и општини (2477). Посочена беше структурата на општините и реформите во изборното законодавство, каде што од 2002 година изборот на градоначалникот е ставен во рацете на граѓаните, а бројот на мандатите на избран функционер се ограничува. Стана збор и за повеќето извори на приходи за општините: сопствени извори, каде доминантно место има данокот на имот; субвенции и дотации од државниот буџет и таканаречените опциони извори, каде што влегуваат кредитите и средства од европските фондови. Беше посочено дека 40 % од приходите од персоналниот данок одат во општината во која живее вработениот. Средствата што ги добиваат војводствата или регионите, пак, во поголем процент доаѓаат од даноците што ги плаќаат стопанските субјекти, што претставува и своевиден поттик за војводствата да креираат поквалитетни политики за економски развој. Стана збор и за влијанието на заедничката комисија меѓу Владата и локалната самоуправа, тело во кое двете страни имаат рамноправен број на членови (12-12) и каде преговорите се водат на партнерска основа. Нагласено беше дека учеството на граѓаните во креирањето на локални политики во континуитет се зголемува, па доста застапена форма на граѓанско учество се: референдумите за донесување на инвестициски одлуки, како и учество на граѓаните во креирањето на општинските буџети (слична форма на нашите- „ форуми во заедницата“). Беше посочено дека и процентот на искористеност на европските средства од страна на локалната власт е доста висок, па оттука овие искуства може да бидат многу полезни за општините во земјава.



i standardeve evropiane në të gjitha segmentet e jetës shoqërore, ndërsa veçanërisht të pushtetit lokal, që është më afër qytetarëve. Që këtu, edhe mënyra e shfrytëzimit të mjeteve të fondeve evropiane për përmirësimin e demokracisë, por edhe të shërbimeve të pushtetit lokal më së miri mund të barten përvojat nëpër të cilat kanë kaluar shtetet evropiane, midis të cilave është edhe Polonia, anëtare e familjes evropiane nga viti 2004.

### U prezantua sistemi dhe funksionimi i pushtetit lokal në Poloni

Në takim u prezantua sistemi i pushtetit lokal në Poloni dhe procesi i decentralizimit të pushtetit publik. U theksua se ekzistojnë tre nivele të qeverisjes lokale në Poloni: voivodeshipe (16), qarqe dhe qytete të mëdha (66) dhe komuna (2477). U vu në dukje struktura e komunave dhe reformat në legjislacionin zgjedhor, ku që nga viti 2002 zgjedhja e kryetarit të komunës është lënë në duart e qytetarëve dhe numri i mandateve të një të zgjedhuri është i kufizuar. Bëhej fjalë edhe për shumicën e burimeve të të ardhurave për komunat: burimet vetanake, ku dominon tatimi në pronë; subvencionet dhe dotacionet nga buxheti i shtetit dhe të ashtuquajturat burime opsionale, ku përfshihen kreditë dhe mjetet nga fondet evropiane. U theksua se 40% e të ardhurave nga tatimi personal shkojnë në komunën ku jeton punonjësi. Nga ana tjetër, mjetet që marrin voivodeshipet apo rajonet vijnë në një përqindje më të madhe nga tatimet që paguajnë subjektet ekonomike, gjë që paraqet një lloj nxitjeje për voivodeship për të krijuar politika më të mira për zhvillimin ekonomik. Bëhet fjalë edhe për veprimin e komisionit të përbashkët midis Qeverisë dhe vetëqeverisjes lokale, trup në të cilën të dy palët kanë numër të barabartë të anëtarëve (12-12) dhe ku negociatat realizohen në bazë partiake. U theksua se pjesëmarrja e qytetarëve në krijimin e politikave lokale në vazhdimësi rritet, me këtë një formë mjaft e përfaqësuar e pjesëmarrjes civile janë: referendumet për miratimin e vendimeve investuese, si dhe pjesëmarrja e qytetarëve në krijimin e buxheteve komunale (formë e ngjashme si „forumet në bashkësi”). U përmend se edhe përqindja e mjeteve evropiane nga ana e pushtetit lokal është mjaft e lartë e që këtu këto përvoja mund të jenë shumë të dobishme për komunat në vendin tonë.

ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

BASHKËSIA E NJËSIVE TË VETËQEVERISJES LOKALE TË
REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT




**КОНТАКТ ИНФОРМАЦИИ**

тел. +389 (0)2 30 99 033 | факс: +389 (0)2 30 61 994
ул. "Копенхагенска" бр. 5, п. фах 32, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
contact@zels.org.mk | www.zels.org.mk

**INFORMACIONE PËR KONTAKT:**

tel. +389 (0)2 30 99 033 | faks: +389 (0)2 30 61 994
rr. "Kopenhagenska" nr. 5, F.P. 32, 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
contact@zels.org.mk | www.zels.org.mk